ADING

# СУПЕРФЛУИД-21Ф

*Хиперпластификатор за бетони, со висок степен на редукција на вода и екстра убрзувач на втрднувањето, изработен на поликарбоксилатна основа. Одговара на: EN 934-2 T-3.1; T-3.2 & T-7 и ASTM C494 Types E&F*

## Област на примена:

Суперфлуид-21Ф, овозможува голема редукција на вода во однос на бетонската мешавина приготвена без додатоци, како и производство на “течен бетон” без дополнително додавање на вода а воедно овозможува убрзување на стврднувањето на бетонот.
Се применува за:

- изработка на префабрикувани бетонски елементи;
- бетонски конструкции каде се бара брзо ослободување на оплатата;
- бетонски мешавини со многу низок w/c-фактор

## Својства:

- Го забрзува процесот на хидратација на цементот во бетонските мешавини;
- Значително ја подобрува обработливоста на бетонот, без зголемување на количество на вода и без опасност од сегрегација;
- Ја подобрува збиеноста на бетонот;
- Го подобрува изгледот на бетонската површина;
- Редукција на вода до 30%;
- Високи рани (8 до 12 часа) и крајни јакости;
- Овозможува брзо ослободување на оплата;
- Овозможува замена на процес на запарување;
- Ја зголемува отпорноста на мраз;
- Ја зголемува водонепропусноста;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Светло кафена течност |
| Сува материја: | 16±1,6% |
| Запреминска маса (на 20°C): | 1,03±0,02 гр/см$^3$ |
| Содржина на хлориди: | 0% |
| Содржина на алкалии: | < 4,0% |
| pH-фактор (на 20°C): | 10,0±1,0 |

| Дозирање % | Водоредуцирање % | Прираст на јачина на притисок % | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 12 часа | 1ден | 7 дена | 28 дена |
| 0 | 0 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| 1 | 20 | 220 | 217 | 175 | 140 |
| 1,5 | 28 | 250 | 240 | 187 | 155 |

Бетонските мешавини се припремени по EN 480-1:2000 бетон I со цемент CEM I 42,5 N

## Дозирање:

0,8% до 1,5% од масата на цементот.
Максимален ефект се постигнува, кога Суперфлуид-21Ф заедно со 20%-30% вода, се додава, после замешување на агрегатот, цементот и 70% до 80% од потребната вода за припремање на бетонот. Времетраењето на мешањето, треба да се зголеми најмалку за 50% во однос на времето на мешање на бетонот без адитиви, односно не треба да изнесува помалку од 3 минути.

## Компатибилност:

Суперфлуид-21Ф е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
Суперфлуид-21Ф е употреблив со сите типови на портланд цемент, вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## Пакување:

Во пластични канти од 5, 10, 20 и 50 кг., во метални буриња од 200 кг. и во контејнери од 1.000кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5°C до 45°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Суперфлуид -21Ф не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е миење со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помош.
Суперфлуид -21Ф е незапалива течност.
Чистењето на остатоци од Суперфлуид-21Ф е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

АДИТИВИ ЗА БЕТОНИ И МАЛТЕРИ

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*